Food and Agriculture Organization of the United Nations

Влада на Република Северна Македонија

GREEN CLIMATE FUND

**Проект: „Зајакнување на националните капацитети за ублажување и адаптација кон климатските промени и финализирање на Работната програма за Зелениот климатски фонд на Република Северна Македонија“**

## ВТОРА работилница за процена на потребите поврзани со климатските промени:

## „Потврдување на резултатите од спроведената процена на потребите во врска со климатските промени во контекст на развојот на Работна програма на Северна Македонија за Зелениот климатски фонд’’

**Датум:** 11 јуни (петок) 2021 година
**Работни јазици:** македонски/англиски
**Време:** 10:00 - 11:00 часот
**Линк за регистрација на ZOOM:**
https://fao.zoom.us/meeting/register/tJMvc-ChrTkiHtBSDwuc_sHHK2bXX4zgGUSx

**Вовед**

Република Северна Македонија, како страна на Рамковната конвенција на Обединетите Нации за климатски промени (UNFCCC), во 2015 година ги поднесе до Конвенцијата своите Национални придонеси кон климатските промени, како прв чекор за идентификување на конкретни цели и придонеси на земјата кон глобалните напори за намалување на емисиите од стакленички гасови. Во април 2021 година, Владата го усвои Ревидираниот национален придонес кон Климатскиот договор од Париз, со што како национална цел ја постави амбицијата во 2030 година да се постигне 51% намалување на емисиите на стакленички гасови во однос на емисиите од 1990 година (или 82% нето намалување на емисиите). Проценетото намалување ќе се постигне со спроведување на Проширеното сценарио за ублажување - сценарио со дополнителни мерки, т.е. адаптирано Зелено сценарио од Стратегијата за енергетика кое е збогатено со политики и мерки од три сектори: индустрија; земјоделство, шумарство и други употреби на земјиштето; и отпад.

За да ги оствари овие цели, Република Северна Македонија спроведува релевантни напори и има постигнато важен напредок. Во овој контекст, државата пристапи до средства од Зелениот климатски фонд (ЗКФ) преку Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка. Два проекти за ЗКФ подготвеност[1] се одобрени со Организацијата за храна и земјоделство при Обединетите нации (ФАО) како партнер за имплементација, под водство на Кабинетот на Заменикот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, во улога на Национален назначен орган (ННО) за ЗКФ, чија цел е да и се помогне да државата да стане поподготвена за климатските промени. Во рамки на вториот подготвителен проект од ЗКФ, ФАО спроведува различни активности за идентификување и процена на потребите поврзани со мерки за адаптација и ублажување на климатските промени, а со цел остварување на Националните придонеси кон климатските промени и унапредување на стратешкиот ангажман на државата со Зелениот климатски фонд.

Целта на процената на потребите е двојна:

1) да се идентификуваат потребите за јакнење на капацитетите на клучните засегнати страни во државата релевантни за спроведување на обврските дефинирани во Националните придонеси кон климатските промени, врз основа на кои ќе биде развиена програма за обука во рамките на вториот подготвителен проект од ЗКФ. Овој процес е продолжение на тековните активности на релевантните засегнати страни за јакнење и развој на капацитетите за климатски промени на национално и локално ниво; и
2) да се дефинираат потребите за јакнење на капацитети што може да се финансираат преку Зелениот климатски фонд во рамки на Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка, што ќе послужи и како инпут во Работната програма на Северна Македонија за ЗКФ, во делот за развој на капацитетите за подготвеност за Зелениот климатски фонд. Информациите ќе послужат исто така и при истражување на други можни извори на финансирање на идентификуваните потреби во Република Северна Македонија од областа на климатските промени.

---

[1] Програма за подготвеност и подготвителна поддршка од Зелениот климатски фонд во Република Северна Македонија

Green development
Republic of North Macedonia

Food and Agriculture Organization of the United Nations

Влада на Република Северна Македонија

GREEN CLIMATE FUND

**Општа цел на работилницата:**
Да се споделат информации во врска со неодамна спроведената проценка на потребите од областа на климатските промени и истите да се потврдат, со цел да послужат како референтна точка за развој на програмата за обука во рамки на Работната програма на Северна Македонија за Зелениот климатски фонд.

**Учесници:**

- Владини агенции, релевантни министерства, академија, приватен сектор, граѓански организации, меѓународни организации, медиуми

## АГЕНДА

| Време | Активност | Главни теми |
|---|---|---|
| 10:00-10:10 | **Добредојде и отворање**<br>• *Претставници на Националниот назначен орган за Зелениот климатски фонд*<br>• *Г. Игор Славкоски, Национален тим лидер и проект менаџер (ФАО)* | • Важноста на работилницата и на активноста за процена на потребите во врска со климатските промени за државата<br>• Врската на оваа активност со другите активности во рамките на вториот проект за подготвеност од Зелениот климатски фонд |
| 10:10-10:30 | **Сесија 1: Презентација *''Главни резултати од спроведенатите активности за процена на потребите во врска со климатските промени''***<br>• *Г-а Славјанка Пејчиновска-Андонова, Национален специјалист за климатски промени (ФАО)* | • Цел на процесот<br>• Преглед на спроведени активности – Интерактивна работилница за процена на потребите во врска со климатските промени, и Истражување на темата<br>• Клучни резултати од работилницата и истражувањето<br>• Следни чекори |
| 10:30 -10:50 | **Сесија 2: Прашања и одговори** | |
| 10:50 – 11:00 | **Сесија 3: Завршни зборови** | |